Македонски центар за меѓународна соработка
ул. Никола Парапунов бр. 41а • П.Ф. 55 • 1060 Скопје • Република Македонија
Тел. 02/3065 381 • Факс 02/3065298 • Е-пошта: mcms@mcms.mk

**До:** **Зоран Здравески, службено лице за посредување со информации од јавен карактер**
**Општина Долнени**
**Предмет:** **Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Почитувани,

**Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС)** во текот на 2024 г. ќе подготви преглед на приходите на граѓанските организации од државното финансирање за 2023 г.

За таа цел, во прилог на овој допис ви доставуваме Барање за пристап до информации од јавен карактер за поединечно доделените средства преку Општина Долнени до крајните корисници- невладини организации, односно здруженија и фондации во текот на 2023 г.

МЦМС во последните 20 години е една од ретките организации кои го промовираат и следат финансирањето од страна на државата за граѓанските организации во Македонија. МЦМС од 2012 г. редовно ја потенцира клучната важност на поддршката од страна на државата за одржливоста на граѓанските организации во извештаите кои ги подготвува за овозможувачката околина за развој на граѓанското општество.

Дополнителни информации може да добиете од Александра Савевска на телефон 070/414-669, или на е-маил: asv@mcms.mk.

***Прилог:*** *Барање за пристап до информации од јавен карактер*

ФИв/АСв
07-80/27-2024
Скопје, 15.03.2024 г.

Александар Кржаловски
директор